Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност ("Сл.весник на РМ бр.64/04 .....71/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 82 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 29.08.2019 година, донесе,

О Д Л У К А
за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кавадарци за време на одржувањето на манифестацијата "Традиционален Фестивал Гроздобер 2019 "

Член 1

Работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кавадарци, утврдено во член 23 став 1 точка 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за угостителска дејност, во деновите 06,07 и 08.09.2019 година за време на одржувањето на манифестацијата "Традиционален Фестивал Гроздобер 2019 " се продолжува за два часа.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-4602/2
29.08.2019 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
Ристо Сакалиев